РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
13.01.2021

Бр. 12-202/2

Скопје 12.01.2021г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет:** Доставување годишен извештај за 2020-та година

Во прилог на овој допис, Ви доставуваме Годишен извештај на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во текот на 2020 година, во законски утврдениот рок.

Со почит,

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на Директорот,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Прилог:(1)**
- Годишен извештај за 2020-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019), со седиште на ул.Македонија бр.38, 1000 Скопје, телефон: + 389 2 3103 400, contact@avmu.mk, преку Цветанка Митревска, Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, го подготви следниот:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 12-202/1
12. 01. 2021 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**(од 1.01.2020 до 31.12.2020)**

1. Податоци за службеното лице: Цветанка Митревска, Службено лице за посредување со информации од јавен карактер во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер,
2. Број на примени барања – 13 (дванаесет)
3. Број на позитивно одговорени барања – 9 (девет) во целост и 3 (три) позитивно одговорени делумно.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање – 4 (четири), и тоа:

4.1. Одбиени - /

4.2. Отфрлени - 1 (едно)

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-2932/1 од 27.05.2020 година, заведено со наш арх. бр.12-2400/1 од 01.06.2020 година, поднесено од барателот на информација [redacted] преку застапникот / полномошник [redacted], со кое се бара следната информација од јавен карактер: "податоци за сопственост и уредник на интернет порталот www.dokazmakedonija.mk". По извршениот увид во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека не располага со бараната информација од јавен карактер. Имено, Агенцијата согласно Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14) и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 248/18, 27/19, 154/20, 42/20), нема надлежност за регулирање на интернет порталите поради што не располага со бараната информација од јавен карактер.

4.3. Отфрлени делумно – 3 (три):

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-1114/1 од 11.03.2020 година, од барателот на информација [redacted], е делумно отфрлено во однос на следната барана информација од јавен карактер: " 2.Групи на вработени во вашата институција: А). Административни службеници: а). државни службеници, б) јавни службеници; Б)Даватели на јавни услуги; Б)Овластени службени лица; Г)Помошно-технички лица". По извршениот увид во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека не располага со напред наведениот дел од бараната информација од јавен карактер. Имено, согласно член 22 став 1од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за вработените во стручната служба на Агенцијата се применуваат одредбите од Законот за работните односи, и од таа причина не располага со напред наведените информации од јавен карактер.

2. Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-1113/1 од 11.03.2020 година, од барателот на информација [redacted] е делумно отфрлено во однос на следната

барана информација од јавен карактер: "1.1 Број на административни службеници со заснован работен однос во Вашата институција, 1.2. Број на даватели на услуги со заснован работен однос во Вашата институција, 1.3. Број на овластени службени лица со заснован работен однос во Вашата институција, 1.4. Број на помошно-технички лица со заснован работен однос во Вашата институција, 3. Број на лица со друг вид договори за повремено или привремено вршење на услуги или авторски договори (засновани помеѓу лицето и Вашата институција), 6. Број на вработени преземени по пат на мобилност (преземање) од други институции или органи на државна управа, 7.Број на вработени кои заминале од Вашата институција по пат на мобилност во други институции и органи на државна управа, 8. Број на лица од Вашата институција кои се наоѓаат на трансфер листа на можни преземања (Согласно ЗАС и ЗВЈН), 12.Број на унапредени вработени преку оглас, 13.Број на вработени со прекинат работен однос поради негативни оценки, 14.Број на покренати второстепени постапки за повреда на право од работен однос кои се водат против ваши решенија/одлуки, 15.Број на постапки против кои вработените имаат покренато судски спор за повреда на работен однос пред надлежен суд, за 2017, 2018 и 2019 година".

По извршениот увид во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека не располага со напред наведениот дел од бараната информација од јавен карактер. Имено, согласно член 22 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за вработените во стручната служба на Агенцијата се применуваат одредбите од Законот за работните односи, и од таа причина не располага со напред наведените информации од јавен карактер.

3. Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено со наш арх. бр.12-636/1 од 14.02.2020 година, од барателот на информација [illegible] е делумно отфрлено во однос на следните барани информации од јавен карактер: 1) "Кои се најгледани програмски содржини на македонските телевизиски станици на територијата на Република Северна Македонија за 2019 година? Каков е демографскиот состав на публиката?", 2) "Кое е просечното време на гледање телевизија во текот на еден ден на македонската публика за 2015 и 2019 година?", и 3) "Какво е рангирањето на изворите на информирање на македонската публика за 2019 година?". По извршениот увид во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека не располага со напред наведениот дел од бараната информација од јавен карактер.

5. Број на неодговорени барања: /

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката), како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - /

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - /

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - /

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање - /

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање - /

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

________________________

Цветанка Митревска